# Изјава за Заштита на Приватност на Кандидати за Вработување

Верзија 2.0

Издадена: 1 Август, 2023

Сопственик: Човечки Ресурси /Офицер за заштита на лични податоци

Локација: Методија Андонов Ченто 15, 7000 Битола, Македонија
тел: +389 (0) 47 221 914, факс: + 398 (0) 47 240 010
е-маил: iwconnect@iwconnect.com



© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

# 1 СОДРЖИНА

**1 Содржина ..... 2**

**2 Контрола на документот ..... 3**

**3 Изјава за Заштита на приватност за кандидати за вработување ..... 7**

3.1 Кој е Контролор на Вашите податоци ..... 7
3.2 Начела за заштита на личните податоци ..... 7
3.3 Кои лични податоци ги обработуваме ..... 7
3.4 Како ги собираме вашите лични податоци ..... 8
3.5 Зошто ги обработуваме Вашите податоци ..... 8
3.6 Посебни категории на лични податоци ..... 9
3.7 Податоци за кривични осуди ..... 10
3.8 Споделување на Вашите податоци ..... 10
3.9 Безбедност на обработката на личните податоци ..... 10
3.10 Колку долго ги чуваме вашите податоци ..... 11
3.11 Автоматско донесување на поединечни одлуки или профилирање ..... 11
3.12 Вашите права врз вашите податоци ..... 11
3.13 Пријава за повреда на личните податоци ..... 13
3.14 Промени во изјавата ..... 13
3.15 Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци ..... 13

Локација: Методија Андонов Ченто 15, 7000 Битола, Македонија
тел: +389 (0) 47 221 914, факс: + 398 (0) 47 240 010
е-маил: iwconnect@iwconnect.com



© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

## 2 КОНТРОЛА НА ДОКУМЕНТОТ

| Историја на документот | | | | Одобрување | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вер.** | **Датум** | **Автор** | **Коментар** | **Датум** | **Одобрил** |
| 0.0 | 18.08.2021 | | Иницијална верзија од правник | | |
| 0.1 | 18.08.2021 | Жанета Илиевска | Теансфер во IW Template; основни информации за контакти; јазични корекции | | |
| 0.2 | 27.08.2021 | Жанета Илиевска | Промени согласно тековна пракса + информации по консултација со правник (27.08.2021)<br>**Податоци за контролорот**<br>-Контакт податоците за Контролор (информации според тковна состојба на АЗЛП портал) се ставени во последна секција Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци<br>**Кои лични податоци ги обработуваме**<br>- Реструктуирана листа -некои податоци може но и немора да ги има, зависно од приложено CV; додадени информации кои се собираат при интервју со ХР: очекувана плата<br>- Додадени барања за потврда за носудуваност и/или потврда за забрана за вршење професија, дејност или должност<br>**Како ги собираме вашите лични податоци**<br>- Краток опис на постапката на аплицирање од аспект на форма на доставување инфо, Web site, ЦВ, мотивациско писмо, комуникации. Податоците се чуваат во интерните системи<br>- Нагласено е дека собирањето на информации за АВРМ,ФЗО, банка и сл. важи само за успешните апликанти и додадена врска со изјавата за вработени<br>**Зошто ги обработуваме вашите податоци**<br>- Додадени легитимни интереси: Администрирање на процесот на регрутирање, Евалуација на апликацијата, Интервјуирање на кандидатот (чекори кои се дел од процесот за Регрутација и селекција)<br>**Посебни категории на лични податоци**<br>- Ние не собираме посебни категории на лични податоци во процесот на регрутација и селекција (сogaласно дефиницијата во ЗЗЛП за тоа што претставуваат посебни категории на ЛП)<br>- Појаснет параграф, дека сепак, доколку имаме потреба од обработка на посебна категорија на ЛП, ќе се побара согласност која може во секое време да се повлече<br>**Податоци за кривични осуди**<br>Скратен текст, додадено, во зависност од работната позиција за која се конкурира:освен потврда за неосудуваност се додава и потврда дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност; Како основ се поврзува Законот за работни односи<br>**Автоматско донесување на поединечни одлуки**<br>Изјавуваме дека нема автоматско носење на одлуки без човечка интервенција во проце на регрутација ниту пак профилирање<br>**Споделување на вашите податоци**<br>Не споделуваме со трети страни во процес на вработување, информација дека ЌЕ СЕ споделуваат само за успешни кандидати за што ќе бидата известени со посебната ИЗјава за врабоени<br>**Меѓународен трансфер** - бекап чуваме на сервери во ЕУ/ЕПП каде заштитата е загарантирана<br>**Безбедност на обработката на личните податоци**<br>Генерални политики за приватност, ТОМ според ЗЗЛП, референца кон контроли од ИСО 27001, краток опис за безбедност по целата патека на информацијата (мрежа, овласетни лица кои вршат обработка, обучени и обврзани за чување на ЛП како доверливи)<br>**Вашите права врз вашите податоци**<br>Додаден контакт privacy@iwconnect.com за остварување на права и додадени линкови кон форми кои апликантот треба да ги пополни и испрати<br>**Промени во изјавата**<br>Додадена секција со обврска за известување до кандидатите за промени во изјавата со оглед на тоа што согласноста за обработка е врзана за конкретна верзија на изјавата<br>**Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци**<br>Пополнети податоци за ОЗЛП + додадени како контакт генрални податоци за контролор | | |
| 0.3 | 12.10.2021 | Жанета Илиевска | Ревизија на клаузули низ цел документ кои не звучат “македонски” | | |

| Историја на документот | | | | Одобрување | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вер.** | **Датум** | **Автор** | **Коментар** | **Датум** | **Одобрил** |
| | | | **Вашите права врз вашите податоци -** Повлечени се линкови кон форми за остварување на секое поединечно право.Во почетен период, формите нема да се поставуваат на IWC Веб сајт , а ќе се испраќаат до барателот откако истиот испрати барање за одредено право на privacy@iwconnect.com<br>**Начела за заштита на лични податоци** – исклучени се содржините кои се однесуваат на тековни вработени – изјавата се однесува на апликанти кои може но и немора да бидат вработени по конкретна објава на оглас за вработување<br>**Посебни категории на лични податоци** – Вклучен параграф дека компанијата нема обврска да бара согласност за цели поврзани со спроведување законски обврскаи на компанијата<br>**Промени во изјавата** – (Предлог) Обврската за следење на промени на изјавата се пренесува апликантот за што истиот се сложува со прифаќањето на изјавата. | | |
| 0.4 | 18.10.2021 | Жанета Илиевска | Промени во секции:<br>**Зошто ги обработуваме Вашите податоци**<br>*(ова да се разгледа со адвокат)*<br>Се потпираме на дадената согласност на апликантот<br>Целите за обработка врз база на легитимниот интерес за регрутирање на работна сила се проширени и за следни отворени огласи ( не само за тековен оглас за кој конкурира кандидатот). Со давањето согласност за вакви цели, за тековни и дни огласи, не би имало потреба да се бара посебна согласност од неуспешните кандидати, единствено би се информирале дека имаат право да ја повлечат согласноста односно да побраат бришење.<br>**Колку долго ги чуваме вашите податоци**<br>*(ова да се разгледа со адвокат, особено мах рок)*<br>Согласно промена на цели во изјавата (податоците да се обработуваат за тековна и идни отворени позиции), податоците ќе се чуваат додека за тоа има потреба освен ако во меѓувреме кандидатот не ја повлекол согласноста или не побарал бришење, но не подолго од 5 год. | | |
| 0.5 | 21.10.2021 | Жанета Илиевска | **Затворени коментари по консултација со правник по верзија 0.4**<br>1. Во ред е пристапот со проширени цели – дадената согласност пред Submit ќе треба да важи и за идни отворени работни места. Неуспешниот апликант ќе може да ја повлече согласноста или да побара бришење<br>2. Компанијата треба да наведе горна граница за чување, единствено државни органи смета да обработуваат ЛП неограничено<br><br>Промени во:<br>**Зошто ги обработуваме Вашите податоци**<br>Дополнето дека компанијата во одредени ситуации може да продолжи да ги обработува личните податоци и по повлекувањето на согласноста доколку има опрвдани легитимни интереси<br><br>**Безбедност на обработката –** Оптимизација на содржина<br><br>**Вашите права врз вашите податоци –** Промени во право на пристап (наместо линк кон Политика за пристап, ставена е скратена верзија од содржина на политика – клучни информации). Политиката за Пристап заедно со линк кон PDF форма би се поставеила во следни верзии. | | |
| ***1.0*** | ***25.10.2021*** | ***Владо Митев*** | ***Проверено, Одобрено*** | ***25.10.2021*** | ***Владо Митев*** |
| 1.1 | 27.07.2023 | Жанета Илиевска | Во прво иот парагрф додаден е бренд - ИНТЕРВОРКС д.о.о.е.л брендиран како ⁝IWConnect<br><br>**Секција: Податоци за контролорот**<br>Промена на адреса на седиште Контролорот во ул.Методија Андонов Ченто бр 15, во секциите Кој е Контролор на Вашите податоци? и Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци<br><br>**Секција: Како ги собираме вашите лични податоци**<br>Додадена е клаузула со информација дека дел од податоците кои се внесуваат преку формата се задолжителни, останатите се опционални (принцип за собирање на минимум податоци) | | |

| Историја на документот | | | | Одобрување | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вер.** | **Датум** | **Автор** | **Коментар** | **Датум** | **Одобрил** |
| | | | Промена заради трансфер на обработката на лични податоци за кандидати за вработување од инетрни системи во cloud платформа BambooHR (генерализиран само како “систем”)- податоците се собираат во платформа од трета страна со која е склучен договор согласно ЗЗЛП (се мисли на DPA – Договор помеѓу Контролор и Обработувач  по член 32, (3) и SCC – Стандардни Договорни Клаузули за пренос во трета земја по член 50,(2) (в)). Додадено е дека третата страна (согласно официјални е-маил комуникации со третата страна ) ќе го прилагоди според потребите за нас, односно за субјекти на ЛП кои се граѓани во држава што не е дел од ЕУ/ЕПП.<br><br>Додадена НАПОМЕНА за кандидати кои аплицирале претходно, пред транзиција во платформа во облак – подтаоците и понатаму се чуваат и обработуваат само во интерните системи на Контролорот.<br><br>**Секција: Зошто ги обработуваме Вашите податоци**<br>Промена во параграф 3, калузула: "Кога аплицирате за соодветна работна позиција преку нашиот Веб сајт ние се потпираме на Вашата согласност, која ја давате слободно за време на процесот на аплицирање" - избришани се зборовите "преку нашиот Веб сајт" зашто согласноста буквално се дава кога корисникот е на страна на BambooHR платформата а не на IWC Веб сајт и гласи "Кога аплицирате за соодветна работна позиција ние се потпираме на Вашата согласност, која ја давате слободно за време на процесот на аплицирање".<br><br>Промена во праграф 4, наместо "Вашите податоци нема да бидат употребени за било каква друга причина а со повлекувањето на согласноста, истите ќе бидат уништени во **нашиот систем**" стои "Вашите податоци нема да бидат употребени за било каква друга причина а со повлекувањето на согласноста, истите ќе бидат уништени во **системот каде што се чуваат**"<br><br>Промена во праграф 5, набројување - **Администрирање на процесот на регрутирање и селекција,** наместо  "ја средуваме Вашата апликација во **нашите системи**" стои "ја средуваме Вашата апликација во **системот**";<br><br>**Секција: Споделување на Вашите податоци - Меѓународен трансфер**<br>Додаден комплетно цел параграф во однос на трансфер на податоци заради употреба на платформа во облак:<br><br>*Како што Ве информиравме во секцијата Како ги собираме вашите лични податоци, податоците за Вас ги обработуваме користејќи платформа во облак која е обезбедена од трета страна и која согласно ЗЗЛП има улога на Обработувач. Серверите каде се чуваат податоците се хостирани во земја од ЕУ/ЕЕП, додека седиштето на Обработувачот е во трета земја (САД), каде може да има повремени трансфери. Заради тоа, преносот се базира на употреба на Стандардни Договорни Клаузули за пренос на лични податоци кои се одобрени од страна на Европската унија и истите се дел од Договорот за обарботка на лични податоци помеѓу нас како Корисник на платформата (Контролор и извезувач на лични податоци) и третата страна (Обработувач и увезувач на лични податоци). Третата страна има обврска да направи дополнителни прилагодувања на договорот според нашите потреби.*<br><br>Дополнување на постоечката клаузула за чување на копии во облак и истото важи за копии од податоци на апликанти од претходен период а кои се чуваат сеуште во интерните системи | | |
| *2.0* | *01.08.2023* | *Владо Митев* | *Проверено, Одобрено* | *01.08.2023* | *Владо Митев* |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| Резиме за документ | |
|---|---|
| **Име на документ** | IW_Privacy Statement_Job Applicants_IWC Website_MK |
| **Автор и соработници** | Илија Ројковски, Игор Петковски, Жанета Илиевска |


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

| Резиме за документ | |
|---|---|
| **Сопственик на документ / Организациска единица** | Човечки Ресурси /Офицер за заштита на лични податоци (Безбедност) |
| **Опис** | Изјава за приватност за обработка на лични податоци за кандидати за вработување, согласно ЗЗЛП (сл. весник 42/20) |
| **Верзија** | 2.0 Издадена: 01.08.2023 |
| **Примена** | Обработка на апликации за вработување во ИнтерВоркс – Регрутирање и Селекција |
| **Класификација** | Јавен |
| **Локација на објава** | IW Website, интранет |
| **Надреден документ** | IW_Data Protection Policy_MK |

| Дистрибуција | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Верзија** | **Датум** | **Локација** | **Дистрибуиран ДО** | **Дистрибуиран ОД** |
| 1.0 | 25.10.2021 | Интранет | Вработени | |
| | | Веб страна | Апликанти за работа | |
| 2.0 | 01.08.2023 | Интранет | Вработени | |
| | | **Веб страна** | **Апликанти за работа** | |

| Потпис на документ | |
|---|---|
| Датум | Потпишан од |
| | |

# 3 ИЗЈАВА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

ИНТЕРВОРКС д.о.о.е.л брендиран како :IWConnect (во понатамошниот текст "Компанијата", "Ние", "Нас") е свесна за своите обврски согласно Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: „ЗЗЛП") и е целосно посветена на безбедна и транспарентна обработка на Вашите лични податоци.

Оваа изјава за приватност, во согласност со ЗЗЛП, ја дава основата врз база на која ќе ги обработуваме личните податоци кои ги собираме од Вас, или што ни ги давате нам како кандидат за вработување во Компанијата. Ве молиме, внимателно прочитајте ја изјавата за да разберете зошто ги обработуваме и како ги користиме Вашите податоци, која е правната основа за обработката, колку долго ги чуваме како и други релевантни информации што треба да Ви ги обезбедиме во согласност со применливата регулатива во Република Северна Македонија.

## 3.1 Кој е Контролор на Вашите податоци

ИНТЕРВОРКС д.о.о.е.л со седиште во Методија Андонов Ченто 15, 7000 Битола, Република Северна Македонија е Контролор, и согласно ЗЗЛП, ги утврдува целите и начинот на обработка на Вашите податоци. Податоците за контакт се во секција *Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци.*

## 3.2 Начела за заштита на личните податоци

Вашите лични податоци, ние ги:

- **Обработуваме** согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин;
- **Собираме** само за цели кои сметаме дека се соодветни и на начин според кој Ви објаснуваме со оваа изјава;
- **Користиме** само на начин за кој Ве информираме при собирање на податоците;
- **Обезбедуваме** дека се точни и ажурирани;
- **Чуваме** само онолку колку што ни наложува законот, односно онолку колку што ни е потребно за исполнување на законските обврски;
- Обработуваме на начин што осигурува дека нема да се користат за друга цел за која не сте информирани или не сте се согласиле (кога тоа е возможно и соодветно), и нема да бидат изгубени или уништени.

## 3.3 Кои лични податоци ги обработуваме

Кога аплицирате за одредена работна позиција кај нас, ние собираме и обработуваме типови на лични податоци за Вас кои може да вклучуваат:

- Податоци кои што Ве идентификуваат и Вашите контакт податоци: Име и презиме, е-маил контакт, адреса, телефонски број, датум на раѓање;
- Други податоци од вашето CV кое Вие го приложувате а кое може да содржи: референци, едукација, работно искуство, историја на вработување, познавање на јазици, Ваша слика, брачна состојба, дали имате некаква попреченост, возачка дозвола;
- Забелешки од процесот на интервју (белешките може да вклучуваат преференции и информации за Вашиот животен стил, како што се Ваше хоби, мотивации и интереси и нашата проценка за Вас како кандидат, очекувана плата);
- Документација за потврдување на Вашето право да работите во Република Северна Македонија;
- Во зависност од позицијата за која конкурирате, можеби потврда за неосудуваност и/или потврда дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност;


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

## 3.4 Како ги собираме вашите лични податоци

За Вас, како субјект на лични податоци, ние собираме и обработуваме податоци на повеќе начини. Кога аплицирате за одредена работна позиција (било преку нашата Веб страна или на е-маил адреса), Вие поднесувате основни информации за да можеме да Ве контактираме, го испраќате Вашето CV а можеби и мотивациско писмо и други прилози кои содржат Ваши лични податоци. При поднесувањето на апликацијата, некои од податоците се задолжителни и минимум потребни заради остварување на целите на аплицирањето за работа, додека некои се опционални и изборот да ги доставите до нас е само Ваш. Податоците што ги доставувате ги обработуваме во рамките на процесот за регрутирње и селекција во текот на кој собираме и податоци за Вас а кои ги запишувале нашите вработени при интервјуирањето.

Зависно од работната позиција за која аплицирате, во одредени случаи, може да собереме податоци за Вас од трети лица, како што се агенции за вработување, поранешни работодавци при собирање препораки и.т.н.

Личните податоци кои ги обработуваме за Вас како апликанти за работа се обработуваат во рамките на одделот за човечки ресурси, користејќи платформа во облак (во понатамошниот текст “систем”). Системот е обезбеден од трета страна, со која имаме договор во согласност со барањата на ЗЗЛП при што третата страна има обврска да направи дополнителни прилагодувања според нашите потреби (повеќе за тоа прочитајте во секција *Споделување на Вашите податоци).*

**НАПОМЕНА**: Доколку сте аплицирале за работа кај нас пред да преминеме на употреба на платформата во облак, од 01.08.2023 и сте дале согласност Вашите лични податоци да ги чуваме заради следни регрутирања, Ве информираме дека овие податоци се чуваат и обработуваат само во нашите **интерни системи**.

Доколку Вашата апликација е успешна и ја прифатите нашата понуда за работа, на почетокот на Вашето вработување, од Вас директно ќе бидат собрани дополнителни податоци како на пример податоци неопходни за Агенција за вработување на РСМ (АВРСМ), Фондот за здравствено осигурување на РСМ (ФЗОРСМ), банка, итн. Исто така, во форма на официјална документација, можеби директно од Вас ќе се собираат и други детали како што се Вашата возачка дозвола, пасош или други податоци кои се потребни за вработување. За обработката на ваквите податоци ќе бидете исто така известени преку *Изјава за заштита на приватноста на вработени*.

## 3.5 Зошто ги обработуваме Вашите податоци

ЗЗЛП ни овозможува нам како Компанија да ги обработуваме Вашите лични податоци само ако е исполнет барем еден од следните услови:

- Доколку Вие **сте ја дале Вашата согласност** за обработка за една или повеќе конкретни цели;
- За исполнување на **договорните обврски** кои произлегуваат од договор за вработување;
- За исполнување на **законските обврски**;
- За исполнување на **легитимните интереси** на Компанијата;
- За заштита на **вашиот интерес**;
- За заштита на **јавниот интерес**;

Секоја обработка на личните податоци од наша страна исполнува барем еден од горенаведените услови како правни основи. Како Компанија, ние главно се потпираме на првите четири услови како правен основ за обработка на Вашите податоци.

Кога аплицирате за соодветна работна позиција **ние се потпираме на Вашата согласност**, која ја давате слободно за време на процесот на аплицирање. Давањето лични податоци е доброволно, но неопходно за целите на обработка кои се наведени подолу во оваа изјава. Ние нема да можеме да ја разгледуваме Вашата апликација за работа доколку не ни дадете Ваши податоци и соодветна согласност за нивна обработка.

Вие слободно можете да ја дадете или повлечете согласноста и тоа нема да има никакви последици за Вас. Вашите податоци нема да бидат употребени за било каква друга причина а со повлекувањето на согласноста, истите ќе бидат уништени во системот каде што се чуваат. Меѓутоа, во одредени


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

ситуации, можно е да продолжиме да ги обработуваме Вашите податоци и по повлекување на согласноста, доколку за истото имаме оправдана легитимна цел за нивна обработка.

Ние ги собираме и ги обработуваме Вашите податоци за да можеме да вршиме активности што се во **легитимен интерес** на Компанијата. Легитимните интереси се утврдени по овој редослед:

- **Регрутирање и слекција на кадри**, што според типот на нашиот бизнис модел, се одвива континуирано. За оваа цел, Вашите податоци ги обработуваме поконкретно за:
  - **Администрирање на процесот на регрутирање и селекција** – ја средуваме Вашата апликација во системот;
  - **Да комуницираме со Вас на соодветен начин во однос на процесот за регрутирање и селекција** за позицијата за која сте аплицирале и/или за други позиции кои се тековно активни или би се отвориле во иднина (на пример, Вашите податоци за контакт ќе ги искористиме за да побараме од Вас дополнителни информации или појаснувања, за да закажеме интервју, за да Ве известиме за статусот на Вашата апликација за вработување и за да Ве информираме за Вашите можности за кариера во Компанијата);
  - **Евалуација на апликацијата** – врз основа на податоците што сте ги дале, оценуваме дали сте соодветен кандидат за позицијата за која аплицирате и/или други позиции кои се тековно активни или би се отвориле во иднина, на пр. дали образованието, искуството и јазичните вештини ги исполнуваат условите за тековно отворената или идни позиции;
  - **Интервјуирање на кандидатот** - За време на процесот на регрутирање и селекција, тимот за регрутирање и селеција може да зема белешки од пр. интервјуа што може да содржат лични податоци. Ваквите податоци се обработуваат со цел да се оцените Вие како кандидатот за предметниот работен однос;
  - **Носење одлука кому да му понудиме вработување од кандидатите** кои што се пријавени за работната позиција;
  - **Донесување на одлуки за платата и бенефиции**;
  - Проценка за потребите за обуки;
- Справување со правни постапки против нас односно за воспоставување, остварување или заштита на нашите законски права;

Ние исто така мораме да ги обработуваме Вашите лични податоци со цел **да се осигураме дека сме усогласени со законските обврски** како што се:

- Да провериме дали имате право да засновате работен однос во Република Северна Македонија;
- Да извршиме соодветни прилагодувања, доколку имате одредена попреченост;
- Известување до надлежни органи;
- Обезбедување достапност и интегритет на Вашите податоци односно обезбедување отпорност на нашите системи.

## 3.6 Посебни категории на лични податоци

**Во процесот на регрутирање и селекција, ние не обработуваме посебни категории на податоци** како на пр. податоци што се однесуваат на здравјето, етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, генетски податоци, биометриски податоци, или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице. Посебни категории на податоци, како на пр. податоци што се однесуваат на здравјето ќе бидат предмет на обработка доколку Вашата апликација е успешна и ние го започнеме процесот на вработување со Вас. За обработката на ваквите податоци ќе бидете исто така известени преку *Изјава за заштита на приватност на вработени*.

Врз основа на ЗЗЛП, ние не сме обврзани да обезбедиме Ваша согласност за обработка на посебните категории на лични податоци за оние цели кои се поврзани со спроведување на нашите законски обврски а кои произлегуваат од прописите за работни односи, социјално и здравствено осигурување.

Локација: Методија Андонов Ченто 15, 7000 Битола, Македонија
тел: +389 (0) 47 221 914, факс: + 398 (0) 47 240 010
е-маил: iwconnect@iwconnect.com

© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

Сепак, доколку во процесот пред Вашето вработување и во зависност од целта на обработка, можно е во одредени ситуации да побараме Ваша **согласност за обработка на посебните категории** на лични податоци. Во тој случај, ќе бидете целосно запознати со причините за обработка. Како и во сите случаи каде што правен основ е Вашата согласност, и во овој случај ќе имате целосна контрола врз Вашата одлука да дадете согласност или пак да не ја дадете. Вашата одлука нема да има никакви последици доколку се одлучите да не дадете согласност за обработка на посебните категории на лични податоци.

Согласноста која ќе ја дадете, можете да ја повлечете во секое време, бесплатно, на ист начин како што сте ја дале претходно. Повлекувањето на согласноста нема да има никакви последици.

## 3.7 Податоци за кривични осуди

Во зависност од природата на работни задачи на позицијтата за која конкурирате и кога законот тоа го дозволува, ние можеби ќе обработуваме податоци за осуди за кривични дела и во тој случај, обработката ќе биде во согласност со ЗЗЛП.

Овие податоци најчесто се собираат во фазата на интервјуирање и собирање на податоците за Вас, но сепак постои можност такви податоци да се бараат и за времетраење на работниот однос. Овие податоци најчесто се јавуваат во форма на: потврда за неосудуваност или потврда дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност која се издава од соодветниот надлежен суд. Ние Вашите податоци за кривични осуди ќе ги користиме во согласност со Законот за работни односи.

## 3.8 Споделување на Вашите податоци

Вашите податоци ќе бидат споделени со наши вработени во Компанијата, само во ситуација кога е неопходно тие да ги извршат своите обврски. Ова го вклучува, на пример, одделот за човечки ресурси, односно вработениот кој е задолжен за проверка на Вашата апликација и за Вашето интервјуирање, одделот каде што можеби треба да имате пристап до нашите системи за проверка за кои е потребна ИТ технологија.

Во некои случаи ние ќе прибираме податоци за Вас од трети страни, како што се агенциите за вработување, претходните работодавачи.

Вашите податоци ќе бидат споделени со трети страни само ако Вашата апликација е успешна. Во таков случај, ние Вашите податоци ќе ги споделуваме на пр. со АВРМ, ФЗО, банка, сметководствена компанија за исплата на плати како и други трети страни за кои ќе бидете известени преку друга *Изјава за заштита на приватност на вработени.*

**Меѓународен трансфер**

Како што Ве информиравме во секцијата *Како ги собираме вашите лични податоци,* податоците за Вас ги обработуваме користејќи платформа во облак која е обезбедена од трета страна и која согласно ЗЗЛП има улога на Обработувач. Серверите каде се чуваат податоците се хостирани во земја од ЕУ/ЕЕП, додека седиштето на Обработувачот е во трета земја (САД), каде може да има повремени трансфери. Заради тоа, преносот се базира на употреба на Стандардни Договорни Клаузули за пренос на лични податоци кои се одобрени од страна на Европската унија и истите се дел од Договорот за обарботка на лични податоци помеѓу нас како Корисник на платформата (Контролор и извезувач на лични податоци) и третата страна (Обработувач и увезувач на лични податоци). Третата страна има обврска да направи дополнителни прилагодувања на договорот според нашите потреби.

Од друга страна, заради постигнување отпорност на нашите интерни системи (каде сеуште обработуваме податоци на апликанти кои аплицирале пред транзиција кон платформа во облак), како и за да постигнеме достапност и интегритет на овие податоци, ние правиме сигурносна копија на податоците кои ги обработуваме при што таква копија чуваме и во облак, на сервери кои се хостирани во земји од ЕУ/ЕЕП каде што безбедноста на личните податоци е загарантирана.

## 3.9 Безбедност на обработката на личните податоци

Нашата Компанија ги презема сите технички и организациски мерки за да се осигураме дека Вашите податоци се заштитени од случајно губење или откривање, уништување или злоупотреба.


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

За постигнување на таа цел ние предвидовме и имплементиравме бројни процедури и политики односно контроли за да ги заштитиме Вашите податоци и Вашата приватност. Овие контроли за безбедност на лични податоци се во корелација или взаемно се надополнуваат со контролите од сертифицираниот Систем за безбедност на информации (ИСМС) кој е имплеменирам согласно ISO 27001:2013.

Техничките и организациски безбедносни мерки се на разни нивоа, вклучувајќи алатки за криптирање и автентикација. Вашите лични податоци се чуваат на системи во безбедна мрежа, и се достапни само за ограничен број лица со посебни права за пристап до системот. Вработените кои имаат пристап до Вашите лични податоци се обврзани да ги третираат Вашите лични податоци како доверливи и да се грижат за нивната безбедност.

Кога ги споделуваме Вашите податоци со трети страни кои се воедно и Обработувачи на лични податоци, ние се осигуруваме дека Вашите податоци се чуваат безбедно и во согласност со ЗЗЛП.

Третите страни мора да спроведат технички и организациски мерки за да се обезбеди безбедност на Вашите лични податоци. При избор на Обработувачи, посебно внимание обрнуваме на техничките и организациските мерки кои Обработувачите ги преземаат за безбедност на личните податоци.

## 3.10 Колку долго ги чуваме вашите податоци

Во согласност со начелата за заштита на личните податоци, ние ги обработуваме Вашите лични податоци само онолку колку што е потребно, зависно од тоа дали Вашата апликација ќе биде успешна или неуспешна.

Доколку Вашата апликација е неуспешна, ние ќе продолжиме да ги обработуваме и чуваме Вашите податоци за целите за можни идни вработувања и/или тековни други отворени позиции согласно целите на обработка наведени во оваа изјава но не подолго од **5 год**.

По завршување на овој период ние ќе ги уништиме Вашите податоци, освен во случај ако веќе во меѓувреме сте ја повлекле согласноста, во тој случај Вашите податоци ќе бидат уништени по повлекување на согласноста.

Во случај на евентуален спор, Компанијата ќе ги чува Вашите лични податоци онолку колку што е потребно за да се заштитат нашите права и интереси.

Доколку Вашата апликација е успешна, Вашите податоци ќе бидат пренесени во евиденцијата на вработени. Ние спроведуваме посебна *Изјава за заштита на приватноста на вработени*, која ќе Ви биде ставена на располагање.

## 3.11 Автоматско донесување на поединечни одлуки или профилирање

Вашите лични податоци нема да бидат предмет на автоматизирано одлучување или профилирање. Компанијата нема да донесе ниту една одлука за Вас само врз основа на автоматско донесување на одлуки (кога одлуката се носи за Вас само со користење на електронски систем, без влијание на човек) а кое што има значително влијание на Вас како кандидат за вработување.

## 3.12 Вашите права врз вашите податоци

ЗЗЛП Ви обезбедува одредени права во однос на Вашите податоци кои ние ги обработуваме за што може да прочитате повеќе во продолжение подолу. Ве молиме имајте предвид дека некои од правата можеби не се применливи за Вашата ситуација.

- **Право да се биде информиран -** Ова значи дека ние мора да Ви кажеме како ги обработуваме Вашите податоци што е и целта на оваа *Изјава за заштита на приватноста на кандидат за вработување*.
- **Право на пристап** - Вие имате право да добиете потврда од нас дека ги обработуваме Вашите лични податоци, и ако тоа е случај, да Ви обезбедиме пристап до истите, односно копија, со цел да бидете свесни за обработката на податоците и да можете да ја потврдите законитоста на обработката на податоците.


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.

Барањето за пристап до личните податоци мора да биде составено во писмена форма и за да можеме да ја спроведеме постапката, Ве молиме иницирајте го тоа на privacy@iwconnect.com. За да можеме да обезбедиме поефикасен одговор, Ве молиме во барањето вклучете специфични детали за податоците што сакате да ги видите.

По добивањето на барањето можно е да Ве контактираме и да побараме од Вас доказ за Вашиот идентитет. Овој доказ мора да се обезбеди со цел исполнување на Вашето барање. Исто така, доколку во барањето нема доволно информации, можно е да Ве контактираме за дополнување на барањето со одредени информации.

Вашето барање ќе се одговори бесплатно. Но, можно е да наплатиме разумен надомест, ако побарате дополнителни копии од истата информација. Надоместокот што се наплатува ќе се заснова на административните трошоци за обезбедување на бараните информации.

Компанијата може да го одбие Вашето барање ако истото е очигледно неосновано или е прекумерно барање или ако се повторува. Во ваков случај, во законски утврден рок по приемот на барањето, ќе објасниме зошто го одбиваме Вашето барање.

- **Право на исправка или дополнување на податоци** - Доколку било кој податок е нецелосен или погрешен, Вие имате право да побарате негова исправка или дополнување.
- **Право на бришење на податоци** - Вие имате право Вашите лични податоци да бидат избришани и/или отстранети од нашите системи, доколку не постои деловна причина или законска обврска на Компанијата да продолжи истите да ги обработува. Доколку сакате да престанеме да ги обработуваме Вашите податоци, Вие имате можност и право да поднесете барање за бришење на податоците, доколку сметате на пр. дека нема причина или законска обврска за да продолжиме да ги обработуваме истите.
- **Право на ограничување на обработката** - Доколку сметате дека некои податоци за Вас не се точни, ние ќе престанеме со обработка на тие податоци (но, истите се уште ќе бидат кај нас) сè до моментот додека се утврди дека истите се дополнети или исправени.
- **Право на пренос на податоци** - Вие имате право да ги пренесете Вашите лични податоци за Ваши лични цели. Доколку е тоа технички возможно, ние сме должни да Ви ги дадеме во формат кој ќе биде употреблив за Вас и за таа цел.
- **Право на приговор за обработка на одреден личен податок за вас** - Вие имате право на приговор на начинот на кој ги користиме Вашите податоци, кога истите ги користиме за исполнување на наш легитимен интерес.
- **Право на приговор на било какво автоматско донесување на одлуки и профилирање на вашите лични податоци** - Вие имате право да не бидете субјект на автоматско донесување на одлуки кога тоа негативно влијае на Вашите права. Согласно изјавата под секција *Автоматско донесување на поединечни одлуки* или профилирање
- Вашите лични податоци нема да бидат предмет на автоматизирано одлучување или профилирање.  ние не носиме одлуки за Вас на таков начин.
- **Право на повлекување на согласност** - **Кога сте дале согласност** за обработка на Вашите лични податоци, Вие имате право истата да ја повлечете во секое време. Повлекувањето на согласноста значи дека ние ќе престанеме да ги обработуваме Вашите лични податоци за кои претходно сте ни дале согласност за обработка. Нема да има никакви последици од повлекувањето на согласноста. Меѓутоа, во одредени ситуации, можно е да продолжиме да ги обработуваме Вашите податоци и по повлекување на согласноста, доколку за истото имаме оправдана легитимна цел за нивна обработка.

Доколку сакате да остварите некое од овие права, Ве молиме:

- Контактирајте го Офицерот за заштита на лични податоци преку privacy@iwconnect.com, односно контактирајте не користејќи ги нашите детали за контакт подолу;
- Обезбедете ни доволно информации за да ве идентификуваме, односно обезбедете ни доказ за вашиот идентитет и адреса;
- Известете нè за кои информациите се однесува Вашето барање.


© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.
v2.0– 01.08.2023

### 3.13 Пријава за повреда на личните податоци

Надлежен надзорен орган во Република Северна Македонија за заштита на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП). Доколку сметате дека Ви е повредено одредено право предвидено во прописите за заштита на личните податоци, можете да поднесете пријава во АЗЛП.

### 3.14 Промени во изјавата

Компанијата има право да ја ажурира оваа Изјава за заштита на приватност на личните податоци во кое било време. Кога ќе го направиме тоа, ќе дадеме известување на Веб страната и ќе го ревидираме датумот на ажурирање. Вие се согласувате дека Ваша одговорност е периодично да ја проверувате оваа Изјава за приватност и дека сте свесни за промените.

### 3.15 Контакт податоци за Контролор и Овластено лице за заштита на личните податоци

Ако имате прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, барања поврзани со Вашите права наведени во оваа Изјава за приватност или ако сакате да ни дадете повратни информации за нашата Изјава за приватност и/или нашите практики за приватност, ве молиме контактирајте не:

| | |
|---|---|
| **Контролор:** | **ИНТЕРВОРКС д.о.о.е.л**,<br>**Е-пошта**: legal@iwconnect.com<br>**Адреса** Методија Андонов Ченто 15, 7000 Битола,<br>Република Северна Македонија |
| **Офицер за заштита на лични податоци:** | **Е-пошта**: privacy@iwconnect.com |

Битола

01.08.2023 година

ИНТЕРВОРКС ДООЕЛ

Управител

_____________________________м/п

Битола

дд.мм.20уу година

Согласноста ја дал

______________________________

( име и презиме и скратен потпис )



© Copyright :IWConnect, Inc. 2023.
v2.0– 01.08.2023